ООУ,,Манчу Матак” - Кривогаштани

Процедура за реализација на наставата

Содржина:

1. Реализација на наставни планови и програми
2. Следење на наставата
3. Избор на наставни предмети
4. Избор на задачи, активности и на ресурси
5. Реализација на дополнителна и додатна настава и воннаставни активности
6. Обврски на наставниците
7. Обврски на одделенските раководители

1. Реализација на наставни планови и програми

Секој наставник е должен доследно да ги реализира пропишаните наставни планови (пропишаниот број на часови) и програми (пропишаните содржини во рамките на предметите). Отстапувањето од реализацијата е дозволено само во случаи на скратена наставна програма при непогоди, епидемии и слично за што одлука носи Министерството за образование и наука.

Во случаи на отсуства на наставник при подолготрајни боледувања се бара замена и се ангажира соодветно лице со договор на дело. При краткотрајни отсуства до една недела директорото на училиштето прави соодветна распределба на расположивиот кадар за да се покрие реализацијата на наставата со соодветен или делумно соодветен кадар. Доколку никако не може да се покрие часот при краткотрајните отсуства наставникот кој отсуствува е должен да ги надомести неодржаните часови по враќањето и за истото да води евиденција во електронскиот дневник.

2. Следење на наставата

Директоротот на училиштето ја следи реализацијата на наставата и/или воннаставните активности два пати во полугодие на дадена тема. Притоа користи образец за следење со кој се запознаени сите наставници. По следењето дава повратна информација на наставникот кој го следел, а во образецот за следење во форма на извештај ги забележува силните и слабите страни како и дава препораки за подобрување.

Дирекотрот на училиштето ја следи работата на стручните соработници два пати во полугодие така што присуствува на некоја од активностите кои тие ги реализираат а се планирани во нивните годишни програми.

3. Избор на наставни предмети

3.1. Во првиот образовен период (I-III одд.) слободните изборни предмети се реализираат во форма на ***слободни активности*** што ги води одделенскиот наставник задолжен за паралелката во договор со учениците. Во времето предвидено за слободниот изборен предмет (2 наставни часа неделно), секој ученик се поттикнува самиот да избере што сака да прави со други ученици во група како дополнување на она што е веќе учено во текот на неделата.

Активностите треба да се во функција на:

• поддршка на **личниот и социјалниот развој на учениците**,

• проширување/продлабочување на знаењата преку **проектни активности** од еден предмет или од една тема која поврзува повеќе предмети, и

• развивање на **основни ИКТ вештини**.

Одделенскиот наставник им нуди на учениците избор меѓу двата вида на работа и според искажаниот интерес на мнозинството ученици во паралелката ги организира слободните активности. Доколку учениците изберат да работат сите заедно, следното што им се нуди е да изберат дали активноста ќе биде во функција на поддршка на личниот и социјалниот развој, на проширување/продлабочување на знаењата преку проектни активности, или на развивање на основни ИКТ вештини.

3.2. На учениците од вториот и третиот период на основното образование (IV-VI и VII-IX одд.) им се нуди да избираат од четири **категории слободни изборни предмети***:*

(1) изборни предмети за **проширување/продлабочување на знаењата** од задолжителните наставни предмети,

(2) изборни предмети за поддршка на **интереси на учениците кои не се дел од наставните предмети** ,

(3) изборни предмети за поддршка на **личниот и социјалниот развој на учениците**

(4) изборни предмети од **спортско-рекреативен карактер**.

- Учениците бираат два слободни изборни предмети во текот на една учебна година – еден за првото и друг за второто полугодие. Предметите што ученикот ќе ги избере за тековната учебна година мора да припаѓаат на различни категории. Исто така, во текот на еден образовен период, ученикот не може два пати да избере ист предмет, освен ако не се работи за предмети од иста област кои се на различно ниво.

- Во реализација на активностите во конкретен изборен предмет учествуваат ученици коишто споделуваат заеднички интерес, без оглед на тоа дали учат во иста паралелка или во различни години во рамки на ист образовен период (на пример, VII – IX одделение).
- Училиштето нуди две листи – една за учениците од вториот и друга за учениците од третиот образовен период. При тоа, во секој образовен период нуди по најмалку три изборни предмети од секоја од четирите наведени категории. На определување на листата на понудените предмети претходи постапка која се состои од следните чекори:

- **Спроведување анкета:** Во мај, училиштето, преку наставниците и стручните соработници спроведува анкета за заинтересираноста на учениците за подрачјата/ темите од секоја категорија на слободните изборни предмети. Анкетата се спроведува во вид на прашалник кој се задава на сите ученици од двата образовни циклуси и се пополнува анонимно. Прашалникот нуди список на поголем број области од кои може да се изведат слободни изборни предмети во рамки на секоја од четирите категории. Списокот се изготвува од страна на одговорни лица во училиштето, врз основа на понудите од наставниците и предметите избрани од страна на учениците во претходните генерации. При тоа, во категоријата за проширување/ продлабочување на знаењата треба да бидат застапени слободни изборни предмети кои се поврзани со сите задолжителни предмети (најмалку по еден избор за секој задолжителен предмет), освен со физичко и здравствено образование и со странските јазици. Дополнително, на учениците им се дава можност самите да додадат други теми/подрачја за кои сакаат да имаат слободен изборен предмет. Овој прашалник може да се даде и во електронска форма.
- **Формирање на листите на слобордни изборни предмети**: Резултатите од спроведената анкета се објавуваат на веб страницата на училиштето (јуни) за да бидат видливи за учениците и за родителите/старателите. Врз основа на добиените резултати се формираат листите на слободни изборни предмети за двата образовни периоди, при што посебно се внимава: (1) да се вклучат сите предмети што ги покриваат подрачјата/темите за кои искажале интерес најмалку 15 ученици од конкретниот образовен период и (2) во рамки на секоја категорија предмети да има понудено по најмалку три предмети.
- **Определување на наставници за реализација на слободните изборни предмети:** Врз основа на формираните листи на слободни изборни предмети (за интересот изразен од учениците), по пројавен интерес од страна на наставниците и/или по предлог на стручните активи и директорот, Наставничкиот совет ги определува наставниците кои ќе бидат одговорни за нивна реализација. Притоа се има предвид дека предметите за проширување/продлабочување на содржините од задолжителните наставни предмети може да ги водат само наставниците од соодветните предмети/области. За другите категории предмети, ангажманот на наставникот не мора да биде непосредно поврзан со предметите што ги предава доколку самиот има лични афинитети и дополнително стекната стручност за водење на предмет од конкретна тема/подрачје. Доколку училиштето нема наставник кој може да реализира некој од слободните изборни предмети за

кој искажале интерес самите ученици, училиштето (со поддршка на општината) треба да ангажира наставник од друго училиште или друго лице кое ги поседува потребните компетенции за реализација на конкретниот предмет.

- **Изработка или избор на наставна програма за слободниот изборен предмет:** Наставниците што се избрани за реализација на слободните изборни предмети во училиштето се задолжени да подготват наставна програма за својот предмет согласно упатството дадено од БРО, но може и да изберат некоја од веќе понудените и одобрени програми од стана на БРО. Доколку изработуваат своја програма потребно е да ја достават за одобрување до БРО. Доколку листата на слободни изборни предмети на училиштето содржи такви кои се претходно одобрени за друго училиште и наведени на веб страницата на Бирото за развој на образованието, училиштето може да ги преземе наставните програми за тие предмети, да ги објави на својата веб страница (со назнака дека се преземени) и согласно нив да ја реализира наставата.
- **Избор и организација на слободните изборни предмети:** На крајот од учебната година (јуни), секој ученик (со поддршка на родителот/старателот), од листата на слободни изборни предмети објавена на веб страницата на училиштето, треба да ги избере предметите што ќе ги изучува/следи во тековната учебна година. Изборот го прави на тој начин што наведува два предмета од различни категории што му се прв избор и други два предмета од истите или други категории што му се втор избор. При распоредување на учениците според направениот избор се има во вид дека групата/групите за конкретен слободен изборен предмет може да ја сочинуваат ученици што учат во иста паралелка, во различни паралелки од иста година или во различни години во рамки на ист образовен период.
- **Распоред на часови:** Училиштето определува фиксни термини за нивна реализација во текот на неделата, така што во распоредот се предвидуваат два термина во неделниот распоред што ќе важат за сите паралелки од ист образовен период.
- **Планирање и реализација на наставата:** Наставникот одговорен за реализација на предметот го прави планирањето, базирано на наставната програма. За слободните изборни предмети се планира само реализацијата на часовите, , за секоја тема наставникот ги презема знаењата/вештините и ставовите/вредностите што се наведени во наставната програма. Неделното планирање на реализацијата на наставата во конкретна паралелка ги содржи само термините предвидени за реализација на часовите од слободните изборни предмети (два термина – по еден за секој наставен час).
- **Следење и оценување на постигањата на учениците:** Наставникот ја следи и ја бележи **редовноста** на секој ученик, **ангажираноста** и **придонесот** што го дава и го следи и го вреднува **напредокот** на секој ученик во стекнувањето на знаењата, вештините и вредностите/ставовите предвидени со настаната програма. Вреднувањето на напредокот на учениците треба да се базира врз принципите на формативно оценување. Сумативната оценка за слободните изборни предмети претставува описна категорија изразена како: Се истакнува,

Задоволува или Не задоволува која се изведува врз основа на: (а) редовноста, (б) ангажираноста и придонесот и (в) напредокот во стекнувањето на знаењата, вештините и вредностите/ставовите определени со наставната програма. Забелешка: Додека е во сила чл. 138 од Законот за основно образование (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 161/19 и 229/20) предвидените категории за сумативно оценување на слободните изборни предмети ќе се претвораат во бројчани оценки на следниот начин: Се истакнува се изедначува со оценка 5; Задоволува се изедначува со оценка 3; Не задоволува се изедначува со оценка 1.

4. Избор на задачи, активности и на ресурси

- Секој наставник при реализацијата на наставата согласно своите задолженија и компетенции за наставник е должен да избира задачи, активности и ресурси со кои најсоодветно ќе ја реализира наставата во својата паралелка: Притоа посебно е важно да:

- користат разновидни наставни форми, интерактивни методи и техники кои одговараат на индивидуалните стилови на учење на учениците како и на нивните способности и вештини.
- користат добро испланирани активни методи за работа со учениците индивидуално, во мали групи или со целата паралелка.
- се поттикнуваат на истражување, работа со сопствено темпо, соработка и интеракција и се подготвуваат за да го искористат наученото во секојденвната практика
- применуваат диференциран пристап кон учениците кои покажуваат тешкотии во совладувањето на одредени наставни содржини
- ги приспособув задачите и активностите на индивидуалните образовни потреби на учениците; користат методи и техники според нивните потреби
- користи различни приоди и ресурси за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература;
- расположливите ресурси да ги употребува на функционален начин,
- да користи современи приоди во наставата како: искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн;
- се поттикнуваат учениците активно учествуваат во наставата и нивниот придонес се вреднува.
- се поттикнуваат учениците на истражување, работа со сопствено темпо, соработка и интеракција и да се подготвуваат за да го искористат наученото во секојденвната практика. Процесот на учење во училницата е активен, динамичен и има работна атмосфера.
- ги споделуваат со учениците целите и очекуваните исходи на наставата и тие да им се јасни на учениците во секоја фаза од учењето.
- користат различни интерактивни методи што подразбира активно вклучување на учениците во процесот на наставата при што се промовираат различни начини на учење и градење на доверба меѓу наставниците и учениците.

5. Реализација на дополнителна и додатна настава и воннаставни активности

5.1. Дополнителна настава

Дополнителна настава се организира за ученици кои имаат потреба од дополнителна поддршка за определени наставни предмети за да ги постигнат очекуваните резултати, односно на барање на ученик, негов родител, односно старател или по проценка на наставникот.
Наставникот ја планира дополнителната настава согласно со потребите на учениците.

За потребата од посета на ученикот на дополнителна настава одделенскиот, односно предметниот наставник води евиденција и го известува родителот, односно старателот на детето усно, писмено или на родителските средби.

За ученикот којшто на крајот на наставната година во шесто, седмо, осмо и деветто одделение има до две негативни оценки, во јуни се организира дополнителна настава по наставните предмети по кои ученикот има негативни оценки во траење од најмалку 30% од бројот на часови утврдени со наставните програми. Ученикот кој по одржаната дополнителна настава не ги постигнал критериумите за позитивна оценка, се упатува на поправен испит.

Поправните испити ученикот ги полага во јуни и/или август. Ученикот кој нема да го положи поправниот испит по еден или по два предмета се задржува во истото одделение.

5.2. Додатна настава

Додатна настава се организира за учениците кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети. Додатната настава, наставникот е должен да им ја понуди на учениците, а учениците одлучуваат дали ќе ја посетуваат додатната настава.

Секој наставник е должен (согласно потребите) да планира и реализира дополнителна и/или додатна настава. На месечна основа се изготвува распоред за дополнителна и додатна настава за секој наставен предмет и се објавува на огласна табла и на својата интернет страница.

Дополнителната и додатната настава се планирааат во обрасците за таа намена кои треба редовно да се водат. Секој наставник до училиштето на почетокот на учебната година треба да достави план за реализација на дополнителната и додатната настава.

Реализацијата на дополнителната и додатната настава се води во обрасци за таа намена (согласно Правилникот за педагошка евиденција и документаиција) и во електронскиот дневник. Обрасците добиваат деловоден број од училиштето кој наставниците го внесуваат во одделенскиот дневник.

5.3. Проширена програма

Проширената програма опфаќа: организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите во редовната настава и еден час по завршувањето на редовната настава, дополнителна и додатна настава, како и воннаставни активности, односно организирање на секции, клубови, екскурзии, натпревари, како и активности на ученичката организација.

За учениците во прво, второ и трето одделение се организира прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнувањето на часовите за редовната настава и еден час по завршувањето на наставата. Програмата за проширената настава е дел од Годишната програма и ја доставува секој наставник кој ја реализира и за истата ги известува родителите/старателите.

6. Обврски на наставниците

Работните должности на наставникот во училиштето опфаќаат воспитно-образовна и други видови професионална работа во училиштето:

- планирање и подготовка на воспитно-образовната и другите видови професионална работа,
- реализирање на наставни и воннаставни активности,

- следење и оценувања на напредокот и постигањата на учениците,
- учество во надворешните мерења на постигањата на учениците (меѓународни и државни тестирања),
- водење на педагошка документација и евиденција,
- соработка со родители (доставува план на почетокот на секоја учебна година),
- соработка со директорот, стручните соработници и другите органи на училиштето,
- работа во стручните активи и другите тела и комисии или тимови,
- собирање и обработка на податоци во врска со воспитно-образовната и друга работа,
- менторство на ученици,
- планирање и реализација на професионален развој,
- реализирање на дополнителна и додатна настава за учениците,
- подготвување и водење ескурзии, излети, натпревари, настава во природа и слично што ги организира училиштето,
- учество на истражувачки проекти и други активности за унапредување на воспитно-образовната работа,
- да одговори на барањата од училиштето а поврзани со воспитно-образованата работа;
- водење на портфолио (дел од професионалното досие)
- редовно водење на педагошката евиденција и документација и
- вршење на други работи определени со годишната програма за работа на училиштето.

7. Реализација на наставата

- Во наставата се користат добро испланирани активни методи за работа со учениците индивидуално, во мали групи или со целата паралелка, разновидни наставни форми, интерактивни методи и техники кои одговараат на нивните способности и можности.
- Учениците во процесот на учење се поттикнуваат на истражување, работа со сопствено темпо, соработка и интеракција и се подготвуваат за да го искористат наученото во секојденвната практика
- Во наставата се применува диференциран пристап кон учениците кои покажуваат потешкотии во совладувањето на одделни наставни предмети и/или наставни содржини.
- Задачите што се работат на училиште или дома се добро испланирани и поврзани со работата на учениците на часовите и се приспособени на возраста и индивидуалните образовни можности на учениците (согласно Упатството за задавање на домашни работи).
- Се користат различни ресурси и приоди во наставата со што им се излегува во пресрет на различните интереси, можности и способности на учениците, на учениците им се дава можност за избор и работа по сопствено темпо.
- Предавањата на наставниците треба да се јасни и наменски проектирани на возраста на учениците, а во нивната реализација да се користат различни методи на интеракција меѓу наставникот и учениците. Учениците се поттикнуваат активно учествуваат во наставата и нивниот придонес се вреднува.
- Процесот на учење во училницата е активен, динамичен и има работна атмосфера.
- Наставниците ги споделуваат со учениците целите/стандардите и очекуваните резултати на наставата и тие им се јасни на учениците во секоја фаза од учењето.
- Наставниците користат различни интерактивни методи што подразбира активно вклучување на учениците во процесот на наставата при што се промовираат различни начини на учење и градење на доверба меѓу наставниците и учениците.

8. Обврски на одделенските раководители

Покрај општите обврски за наставник одделенскиот раководител има и други поспецифични обврски поврзани со учениците од паралелката и нивните родители/старатели:

- изготвува, доставува и ја реализира програмата за часот на одделенската заедница,
- учествува во активностите за демократкска партиципација на учениците преку одделенската заедница,
- советодавни и консултативни разговори со учениците и нивните родители/старатели,
- решава помали секојдневни проблеми меѓу учениците и/или со родителите, а посложените да ги пријавува кај стручните соработници и/или директорот,
- да има редовна и коректна комуникација со своите ученици и нивните родители/старатели,
- да предлага педагошки мерки за учениците;
- да ги регулира изостаноците на учениците;
- редовно да ги информира учениците и родителите за сите активности и задолженија,
- да учествува во распределбата на учебниците кај учениците;
- редовно водење на електронскиот дневник и другата педагошка евиденција и документација за паралелката.

Тим за изработка на Процедура за реализација на наставата во училиштето:

1. Убавка Бутлеска – педагог и координатор
2. Татјана Чируноска – наставник
3. Менде Станојоски – наставник и
4. Лилјана Стојкоска – наставник
5. Дивна Спиркоска - наставник

В.д. директор:

_____

Лилјана Стојкоска

Кривогаштани, април, 2026 година.